# 69. ПО СОКАЦИ ШЕТАВ ЏАНАМ




1. По сокаци, шетав џанам
   сретнав си девојче
   фереџе носеше џанам
   фереџе на глава.

2. Потргни фереџе моме
   лице да ти видам
   дали си ан'мче моме
   или си рисјанче.

3. Бегова сум ќерка лудо
   јазе сум ан'мче,
   јазе сум ан'мче лудо
   а ти си рисјанче.

4. Ако си ан'мче моме
   качи се на коња
   двајца да бегаме моме,
   во гора зелена.